Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Republic of North Macedonia

**COMMISSION FOR RELATIONS WITH RELIGIOUS COMMUNITIES AND GROUPS**

Бр. 03-239/1
Скопје, 26.04.2021

Врз основа на член 49 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19) и член 34 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19) а во врска со Извадокот од Нацрт - записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година и член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/20), Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за определување одговорно лице за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на институцијата

1. Административниот службеник, Петар Петковски со звање Помлад соработник за одбележување на верски празници во Одделението за протокол и одбележување на верски празници, Сектор за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол, согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20) се назначува за одговорно лице за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите .

2. Административниот службеник од точка 1 од ова решение работните задачи и обврски ќе ги извршува совесно и одговорно и во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Владата на Република Северна Македонија ја усвои Информацијата за воспоставување на службеник за млади во органите на државната управа и Единиците на локалната самоуправа со заклучок сите органи на државната управа да одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата со напомена да се има во предвид мислењето на Министерството за финансии. Во Мислењето на Министерството за финансии е наведено да не се предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, односно укажува назначувањето на службеници за млади да се врши од редот на постојните вработени во институциите.


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

03-239/1
26.04

Согласно член 34 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор, вработените во јавниот сектор, врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот, или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во работите и работните задачи опишани во актот за систематизација на работните места на институцијата, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.

Поради горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Даријан Сотировски**

Подготвил: Елена Стојанова

Доставено до:
- Именуваната
- Архива на КОВЗРГ
- Одделение за административна поддршка



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија